Република Северна Македонија

МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА



# СТРАТЕШКИ ПЛАН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА 2026-2028 година

2026 година

# ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА 2026-2028

## 1.1. ВОВЕД

Поаѓајќи од утврдените стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година, Министерството за правда како орган на државната управа надлежен за развивање на политиките, изготвување и предлагање на закони и други прописи од областа на правосудството, како и вршење надзор над спроведувањето на прописите во областите за кои е надлежен, изготви стратешки план на Министерството за правда за периодот 2026-2028.

Стратешкиот план на Министерството за правда претставува континуирано продолжување на реформските процеси во областите за кои е надлежно Министерството за правда, како и продолжување на активностите за исполнување на обврските за остварувањето на стратешките приоритети како што е добивање на полноправно членство на Република Северна Македонија во ЕУ.

Стратешкиот план на Министерството за правда е стратешки документ кој е усогласен со другите стратешки документи на Владата на Република Северна Македонија и на Министерството за правда.

Во Стратешкиот план на Министерството за правда за периодот 2026-2028 година утврдени се стратешките цели и приоритети на Министерството за правда, програмите, активностите и потребните ресурси и финансиски средства за нивна реализација, како и очекуваните резултати.

Утврдувајќи ги постигнатите резултати во 2024 година и периодот јануари-јули 2025 година, како и постојната состојба во областите за кои е надлежно, Министерството за правда со овој стратешки план ги дефинира конкретните активности со точно утврдени рокови во кои се очекува реализација на тие активности за остварување на целите. Стратешкиот план претставува и ефикасен механизам за следење на спроведувањето на секоја од активностите и остварувањето на резултатите.

Во Стратешкиот план утврдени се стратешките цели и приоритети на Министерството за правда за реформи како во областите за кои е надлежно Министерството за правда, така и за реформа на самото Министерство, како во организациона смисла така и на реформа во начинот на работење и постапување на вработените.

Со оглед на тоа, Стратешкиот план на Министерството за правда за периодот 2026-2028 година претставува стратешки документ во кој се утврдени конкретните активности преку кои се реализира мисијата на Министерството за правда за исполнување на неговата визија.

## 1.2 АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

**Анализа на политички, економски, социјални, технолошки, правни и еколошки фактори**

Анализата на политичките, економските, социјалните, технолошките, правните и еколошките фактори е изработена со цел проценка на влијанието на надворешните фактори врз работењето на Министерството за правда.

| **Политички фактори** | **Економски фактори** | **Социјални фактори** | **Технолошки фактори** | **Правни фактори** | **Еколошки фактори** |
|---|---|---|---|---|---|
| • Стратешки приоритети и цели на Владата<br>• Задолженија од Владата<br>• Обврски кои произлегуваат од процесот на пристапување во Европската Унија<br>• Соработка со останати институции | • Финансиски средства во Буџетот<br>• Финансиски средства и поддршка од меѓународни организации | • Влијанието на граѓанските организации<br>• Доверба на граѓаните во правосудството<br>• Улогата на невладините организации во следење на состојбите на правосудниот систем<br>• Информирање на медиумите за работата на Министерството за правда | • Развој на технологијата<br>• Дигитализација на правосудството | • Законски и подзаконски акти<br>• Усогласување на националното законодавство со правото на Европската Унија<br>• Обврски преземени согласно меѓународни договори | • Климатски промени |

**Анализа на предности, недостатоци, можности и закани**

Министерството за правда во реализацијата на своите програмски актвности базирани на внатрешна анализа ќе се води од своите предности и можности, а ќе ги избегнува идентификуваните закани и ризици.

| Предности | Недостатоци | Можности | Закани |
|---|---|---|---|
| • Фокус на реформи, модернизација и дигитализација на правосудството<br>• Ангажираност и мотивираност на вработените за квалитетно извршување на работните задачи<br>• Правна рамка усогласена со ЕУ<br>• Соработка со меѓународни организации | • Ограничени финансиски средства<br>• Недоволен број на вработени во одредени сектори | • Дигитализација на процесите и услугите<br>• Стручно усовршување на вработените преку обуки | • Одлив на стручен кадар во други институции и заради заминување во пензија<br>• Ненавремено пополнување на испразнетите позиции во Министерството. |

## 1.3. МИСИЈА

Главна мисија на Министерството за правда, како орган на државната управа надлежен за развивање на политиките, изготвување и предлагање на закони и други прописи од областа на правосудството, како и вршење надзор над спроведувањето на прописите  во областите за кои е надлежен, е да обезбеди еднакви можности на граѓаните на Република Северна Македонија во остварувањето и заштитата на своите права и слободи преку постоење на ефикасен систем, во услови на владеењето на правото и правната сигурност.

## 1.4. ВИЗИЈА

Воспоставен ефикасен систем за остварување и заштита на човековите права и слободи.

## 1.5. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА

Министерството за правда обезбедува општи услови за остварување на основната функција на правосудниот систем, негова реформа а со цел создавање на ефикасен систем за остварување на човековите права и слободи и нивна заштита.

Министерството за правда учествува во создавање на нормативни и организациски претпоставки во областите за кои е надлежно, и тоа за :

- Јакнење на независноста, непристрасноста и зголемување на ефикасноста на судството со цел обезбедување на владеењето на правото и правната сигурност;
- Унапредување на статусот на јавното обвинителство;
- Унапредување на стандардите во пенитенцијарниот систем ;
- Остварување на уставните определби на адвокатурата како самостојна и независна служба ;
- Унапредување на вршењето на нотарската дејност;
- Јакнење на улогата на медијацијата во судските постапки;
- Обезбедување соодветно и целосно извршување на судските пресуди преку извршители :
- Градење на ефикасен и модерен изборен систем ;
- Унапредување на граѓанската иницијатива ;
- Унапредување на претпоставките за остварување на човековите права.

Улогата на Министерството за правда во областите за кои е надлежно е ;

- Развивање политики во областите од делокругот на делување ;
- Изготвување и предлагање на закони и други прописи од областите што ги покрива со својата надлежност ;
- Спроведување и следење на спроведувањето на прописите за да се оцени дали прописите ги остваруваат очекуваните резултати
- Развивање и унапредување на административните капацитети од кои зависи успешното функционирање на Министерството ;
- Вршење надзор и контрола над спроведувањето на прописите со кои се уредуваат областите за кои е одговорно.

## 1.6. СПЕЦИФИЧНОСТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА

Министерството за правда е орган на државната управа со кој раководи министер. Делокругот на работа на Министерството за правда е утврден во член 17 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ"бр.58/00, 44/02 , 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на РСМ"бр.96/19 , 110/19, 154/19 и 121/24).

Согласно наведената законска одредба Министерството за правда е надлежно да врши работи во областа на :

- Судството, јавното обвинителство, државното правобранителство ;
- Кривичната одговорност и одговорност за прекршоци ;
- Нотарските работи, адвокатурата и други видови правна помош ;
- Наследувањето, сопственоста, стварните права и облигационите односи ;
- Меѓународната правна помош ;
- Извршувањето на санкциите за кривични дела и прекршоци ;
- Организацијата и управувањето со казнено-поправните и воспитно-поправните установи ;
- Судските вештачења, експертизи и супер-вештачења ;
- Изборниот систем,
- Кривичната, прекршочната, парничната и вонпарничната, извршната и управната постапка ;
- Вршењето работи што не спаѓаат во надлежност на друг орган на државната управа ;
- Врши други работи утврдени со закон.

## 1.7. СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА – **планирани промени**

Согласно утврдените надлежности во Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ"бр.58/00, 44/02 , 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на РСМ"бр.96/19, 110/19, 154/19 и 121/24) и усогласувањето со Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РМ"бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ"бр.143/19 и 14/20) и Законот за административни службеници („Службен весник на РМ"бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ"бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) во јуни 2015 година донесени се Правилник за внатрешна организација на Министерството за правда и Правилник за систематизација на работните места во Министерството за правда и соодветни измени во периодот 2016 година-2021 година. При тоа, по изготвената е функционална анализа во 2019 година се извршени посеопсежни измени во Правилникот за внатрешна организација на Министерството за правда број 01-5602/1 од 31.12.2019 година и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за правда број 01-5603/1 од 31.12.2019 година, се вградени, односно бр.01-2162/1 од 19.06.2015 година, бр. 01-1684/1 од 30.03.2016 година и бр. 01-1684/4 од 10.10.2016 година, 01-2554/1 од 19.04.2018 година, 01-2554/6 од 05.06.2018 година и 01-5603/1 од 31.12.2019 година, 01-854/3 од 17.11.2020 година, 01-624/1 од 24.02.2021 година и 01-624/2 од 24.02.2021 година (пречистен текст) .

Согласно Правилникот за внатрешна организација, Министерството за правда своите надлежности ги извршува преку 10 сектори и 21 подрачни одделенија, и тоа :

- Сектор за правосудство
  - Одделение за нормативна дејност во кривичната материја
  - Одделение за нормативна дејност во граѓанската материја
  - Одделение за организација на правосудните органи и следење на реформата во правосудниот сектор
  - Одделение за помилување и надомест на штета
  - Одделение за претставки и поплаки по работата на правосудните органи
- Сектор за извршување, нотаријат и медијација
  - Одделение за извршување
  - Одделение за нотаријат и медијација
- Сектор за меѓународна-правна помош
  - Одделение за меѓународна правна помош во кривична материја
  - Одделение за меѓународна правна помош во граѓанска материја
- Сектор за бесплатна правна помош и политички систем
  - Одделение за бесплатна правна помош

- Одделение за политички систем
- Подрачни одделенија 21 со 22 подрачни канцеларии

- Сектор за Европска Унија
  - Одделение за преговори и интеграција
  - Одделение за ИПА проекти
- Сектор за меѓународна-правна соработка
  - Одделение за меѓународно-правна соработка и соработка со НАТО
  - Одделение за човекови права и компаративно-правни анализи
  - Одделение за координација на активностите против корупцијата
- Сектор за управување со човечки ресурси и стратешко планирање
  - Одделение за управување со човечки ресурси
  - Одделение за стратешко планирање
- Сектор за финансиски прашања
  - Одделение за буџетска координација
  - Одделение за буџетска контрола
  - Одделение за сметководство и плаќање
- Сектор за информатички и комуникациски технологии
  - Одделение за развој и апликативна поддршка
  - Одделение за техничка поддршка
- Сектор за општи работи
  - Одделение за јавни набавки
  - Одделение за преводи, лекторирање и јазична редакција
  - Одделение за општи работи и поддршка
- Одделението за внатрешна ревизија

## 1.8 ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ – **планирани промени**

Согласно член 17 од Законот за организација и работа на органите на државната управа во состав на Министерството за правда се Управата за извршување на санкциите, Биро за процена, Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, со својство на правно лице, како и Инспекторатот за употреба на јазиците, како орган во состав на Министерството за правда без својство на правно лице.

Со секој од наведените органи раководи директор кој го именува Владата на Република Северна Македонија.

Организационата поставеност на Управата за извршување на санкциите, Бирото за процена, Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, како органи во состав на Министерството за правда со својство на правно лице и Инспекторатот за употреба на јазиците, формиран согласно Законот за употреба на јазиците („Службен весник на РМ“бр.7/19), како орган во состав без својство на правно лице е утврдена со посебни акти за внатрешна организација („Службен весник на РМ“ бр.132/25 од 01.07.2025).

## 1.9. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА

При утврдување на своите стратешки приоритети и цели Министерството за правда своите приоритети и цели пред се ги имаше предвид утврдените стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година.

1. ***Ефикасен, независен и професионален правосуден систем***
    - 1.1. Владеење на правото преку навремено и целосно спроведување на законите
    - 1.2. Обезбедување на услови за независно и ефикасно судство и јавно обвинителсво
    - 1.3. Заштита на правата на граѓаните во постапките пред надлежен суд во кои се гарантира фер судење во разумен рок
    - 1.4. Зголемување на довербата на граѓаните во државните органи од областа на правосудството и целиот правосуден систем
    - 1.5. Зголемување на ефикасноста во извршувањето на основната функција на Јавното обвинителство
    - 1.6. Зајакнување на улогата на државното правобранителство во заштитата на имотните интереси на државата
    - 1.7. Унапредување на дејноста на извршителите, нотарите и медијаторите

2 ***Борба против корупцијата и остварување на човековите права***
- 2.1. Владеење на правото преку неселективна борба со корупцијата и воспоставување на ефикасен систем на справување со корупцијата
- 2.2 Остварување на човековите права и правата на граѓаните
- 2.3 Успешно справување со корупцијата и зајакнување на антикорупциска правна рамка

3 ***Исполнување на критериумите за членство во ЕУ во областа на правда***
- 3.1. Ефикасно спроведување на Планот за раст и реформите во областа на правосудството и антикорупциската политика
- 3.2. Техничка анализа на степенот на усогласеност на националното законодавство со законодавството на ЕУ
- 3.3. Целосна имплементација и успешно управување со ИПА проектите

4 ***Унапредување на информатичко-комуникациските технологии во правосудниот систем***
- 4.1. Воспоставување и развивање на модерно и автоматизирано правосудство
- 4.2 Успешно спроведување на процесот на дигитализација во правосудството заради зголемување на ефикасноста, ефективноста и независноста на правосудството
- 4.3 Подобрување на заштитата на податоците
- 4.4 Стандардизација и унификација на процедурите, процесите, номенклатурите во правосудниот систем

5 ***Професионално организирани и управувани казнено-поправни и воспитно-поправни установи***
- 5.1. Унапредување на процесот на извршувањето на санкциите
- 5.2 Подобрување на условите во казнено-поправните установи

## 1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2025 ГОДИНА

Поаѓајќи од законски утврдените надлежности, Министерството за правда е надлежно за нормативни и организациски претпоставки за функционирање на правосудството, преку подготвување и предлагање на закони и други прописи од областите во правосудството што ги покрива со својата надлежност.

За таа цел, во Министерството за правда изготвени се повеќе законски проекти, а како орган надлежен за вршењето работи што не спаѓаат во надлежност на друг орган на државната управа учествуваше во подготвување на закони од надлежност на други органи на државната управа.

### 1. *Реформа на правосудниот систем*

Министерството за правда, како надлежен орган за спроведување на реформите во правосудството, како еден од стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија, реализираше повеќе активности, преку подготвување на законски и подзаконски акти предвидени со стратешките документи Развојна Секторска стратегија за правосудство 2024-2028 година со Акциски план, Реформска агенда од Планот за раст, програма на Владата, со цел создавање на материјални и организациони претпоставки во рамките на реформата на правосудството.

Во периодот јануари-декември 2025 година беа подготвени следниве предлози на закони доставени до Владата на Република Северна Македонија:

- Предлог на закон за судска служба
- Предлог на закон за јавнообвинителска служба
- Предлог на закон за изменување на Законот за платите на судиите, по скратена постапка
- Предлог на закон за изменување на Законот за платите на јавните обвинители, по скратена постапка
- Предлог на закон за изменување на Законот за платите на членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија, по скратена постака
- Предлог на закон за изменување на Законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, по скратена постапка
- Предлог на закон за дополнување на Законот за платите на јавните обвинители
- Предлог на закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија
- Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка,
- Предлог на закон за вештачење ,

- Предлог закон за процена,
- Предлог на закон за изменување и дополнување на прекршоците
- Предлог на закон за јавното обвинителство
- Предлог на закон за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија

Во текот на 2025 година започна процес на подготовка на измени и дополнувања, кој се уште трае и не е завршен за следните закони:

- Предлог на Закон за судскиот буџет,
- Закон за судовите,
- Закон за објавување на законите и на други прописи и акти во „Службен весник на Република Северна Македонија„ во скратена постапка
- Законот за државното правобранителство,
- Законот за конфискација на имот во граѓанска постапка и
- Закон за Академија за судии и јавни обвинители,
- Закон за помилување,
- Граѓански законик и
- Закон за конфискација на имот во граѓанска постапка

Во периодот јануари-декември 2025 година беше-донесен Закон за изменување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 74/2025) и Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.269/25),

Донесени се и следните подзаконски акти:

1. Програма за полагање на теоретскиот дел од испитот за вештак („Службен весник на РСМ“ бр.109/2025);
2. Правилник за формата и содржината на образецот на трошковникот за наградата и надоместокот за извршено вештачење и супервештачење за субјектите кои вршат вештачење („Службен весник на РСМ“ бр. 129/2025)
3. Правилник за формата и начинот на водење на Регистарот на вештаци и Регистарот на правни лица што вршат вештачење („Службен весник на РСМ“ бр.88/25)
4. Правилник за формата, содржината и начинот на водење евиденција за извршените вештачења, односно супервештачења („Службен весник на РСМ“ бр.88/25)

5. Правилник за изменување на Правилникот за формата и содржината на образецот на лиценцата за вештачење и начинот на нејзиното издавање („Службен весник на РСМ“ бр.88/25)
6. Правилник за формата и содржината на уверението за положен испит за вештак („Службен весник на РСМ“ бр.88/25)
7. Правилник за формата, содржината и начинот на доставување на барање за полагање на испит за вештак („Службен весник на РСМ“ бр.88/25)

Министерството за правда свој придонес во остварувањето на човековите права даде и преку учество во работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и во работата на Националното Координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, учество во Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, учество во работата на Националното Координативно тело за превенција и борба со сексуална злоупотреба и занемарување на деца, учество во работата на Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност во Република Северна Македонија.

Министерството за правда покрај изготвувањето на законски и подзаконски акти, изготви и повеќе информации, анализи и извештаи и реализираше и други активности кои се од областа на борбата против корупцијата, од областа на сексуалнат азлоупотреба на деца, еднаквите можности и недискриминација, домашното насилство, правата на лицата со инвалидитет, детското претставништво и активности кои придонесуваат за реформата на правосудниот систем во целина.

Покрај подготвувањето на законските и подзаконските акти, други материјали и проекти кои се во надлежност на Министерството за правда, реализирани се и други активности кои придонесуваат во остварувањето на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за членство на Република Северна Македонија во ЕУ.

Покрај законските и подзаконските акти, други материјали и проекти, реализирани се и други активности кои придонесуваат во остварувањето на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за членство на Република Северна Македонија во ЕУ.

Вработените во Министерството за правда со свои мислења и непосредно учество во работни групи дадоа свој придонес во изготвување на законски и подзаконски акти за кои се надлежни други органи на државната власт.

## 1.11. ПРОГРАМИ

За остварување на мисијата и визијата на Министерството за правда предвидени се следните програми :

- **Правосудство, казнено и граѓанско право**

Преку спроведување на утврдените активности во рамките на Програмата - Правосудство, казнено и граѓанско право – се очекува зајакнување на независноста, зголемување на ефикасноста и професионалноста на судството преку подобрување на нормативната рамка што ќе се постигне со имплементацијата на најновите меѓународни стандарди во оваа област, примената на донесените законски решенија, спроведување на Развојната секторска стратегија за правосудство 2024 – 2028, Планот за раст на Западен Балкан и Реформската агенда и Патоказот за владеење на правото, како и јакнење на капацитетите во областа на судството, спроведување на реформите во казненото право, граѓанското право и Јавното обвинителство и хармонизација со правото на Европската унија.

- **Извршување, нотаријат и медијација**

Преку спроведување на утврдените активности во рамките на Програмата - Извршување, нотаријат и медијација – се очекува обезбедување соодветно и целосно извршување на судските пресуди во граѓанската област, подобрување на нотарската дејност во служба на граѓаните и целосно воспоставување на ефикасен систем на медијација.

- **Спречување на корупцијата**

Преку спроведување на утврдените активности во рамките на Програмата – Борба против корупцијата – се очекува обезбедување на успешно справување со корупцијата.

- **Човекови права**

Преку спроведување на утврдените активности во рамките на Програмата – Човекови права – се очекува обезбедување на побрзо остварување и пристап на граѓаните во остварувањето на нивните права.

- **Информатичко-комуникациска технологија во правосудниот систем**

Преку спроведување на утврдените активности во рамките на Програмата – Информатичко-комуникациска технологија во правосудниот систем - се очекува воспоставување и развивање на ИКТ во функција на поддршка на реформата на правосудниот систем.

# <u>2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ</u>

## 2.1. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМА 1

**А: Оправданост и дизајн на Програмата**

**Образложение:** Програмата ***Правосудство, казнено и граѓанско право*** произлегува од Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година, и тоа :

Стратешките приоритети на Владата на РСМ :

*- Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото*

*-Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија*

Приоритетните цели :

*- Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупција и реформи во насока на владеење на правото*

*- Ефикасно спроведување на Развојната секторска стратегија за правосудство 2024-2028 со Акциски план*

*- Развивање на систем за правда кој ефикасно ги штити човековите слободи и права и заеднички систем на вредности*

*- Обезбедување услови и градење на институционалните капацитети за конфискација, поврат на имот и управување со конфискуваниот имот,*

*- Доследно исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА), вклучително и од втората фаза на ССА*

*- Квалитетно управување со координативните структури на планирањето, развивањето, спроведувањето и известувањето на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА)*

*- Квалитетна подготовка, планирање спроведување и известување за реформите поврзани со пристапните преговори, со фокус на Патоказот за владеење на правото.*

**НПАА**

**Поглавје :** 3.23. Правосудство и фундаментални права

**Дел :** 3.23.1 Судство

**Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:**

- Владеење на правото преку навремено и целосно спроведување на законите
- Обезбедување на услови за независно и ефикасно судство и јавно обвинителсво

- Заштита на правата на граѓаните во постапките пред надлежен суд во кои се гарантира фер судење во разумен рок
- Зголемување на довербата на граѓаните во државните органи од областа на правосудството и целиот правосуден систем
- Зголемување на ефикасноста во извршувањето на функција на Јавното обвинителство
- Зајакнување на улогата на државното правобранителство во заштитата на имотните интереси на државата
- Унапредување на дејноста на извршителите, нотарите и медијаторите

| **Назив на програмата:** | **Цел на програмата:** |
|---|---|
| - ***Правосудство, казнено и граѓанско право*** | - Независен, ефикасен и професионален судски систем<br>- Зајакнати капацитети на правосудниот систем<br>- Зголемена довербата на граѓаните во судовите<br>- Спроведена реформа на казненото право<br>- Кодификација на граѓанското право |

**Показатели за успех на Програмата:**
- Донесени законите и подзаконските акти од областа на правосудството
- Зголемена довербата на граѓаните во судовите
- Склучени билатерални договори за регулирање на материјата за меѓусебна правна помош во граѓански и кривични предмети

Програмата е: (забележете го видот на Програмата) ☐ хоризонтална ■ вертикална

| Очекувани резултати (компоненти) од Програмата: | |
|---|---|
| **Потпрограма 1:** Унапредување на законодавството во областа на правосудството преку вградување на најновите меѓународни стандарди во оваа област и имплементација на донесените законски решенија | **Показател за успешност:**<br>- Ефикасен, независен и професионален судски систем<br>- Донесени закони и подзаконски акти за функционирање на независно, ефикасно и професионално судство<br>- Унапреден систем на статистичко следење на податоците во судовите<br>- Зголемени средствата за финансирање на судството од 0,8 од БДП за 2026 година<br>Зголемување на средства за финансирање на јавното обвинителство од 0.4 на 0,5% од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година<br>- Ревидирани критериуми за унапредување на судиите и јавните обвинители, преку 100% образложени и објавени одлуки за унапредување на судиите и јавните обвинители<br>Ревидирани критериуми за избор на членовите на судски совет и Совет на јавни обвинители<br>- Подобрени услови за работа во судовите и јавните обвинителства |
| **Потпрограма 2:** Унапредување на системот на казненото законодавство | **Показател за успешност:**<br>- Имплементиран Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство<br>- Број на жртви кои оствариле право на паричен надоместок<br>-Унапредено казнено материјално законодавство преку негово усогласување со најновите меѓународни стандарди<br>- Зголемена ефикасност на кривичните постапки<br>- Ефикасен систем на имплементација на Законот за кривичната постапка во делот на истрагата, главната расправа и спогодувањето |
| **Потпрограма 3:** Унапредување на граѓанското законодавство | **Показател за успешност:**<br>- Обезбедена правна сигурност на граѓаните во граѓанските постапки |

| | |
|---|---|
| | - Кодифицирано граѓанско право, како систематизиран збир на регулатива од граѓанската област<br>- Зголемена ефикасност и економичност во постапките |
| **Потпрограма 4:** Развивање на меѓународната правна помош | **Показател за успешност:**<br>- Зголемен број на склучени билатерални договори за регулирање на материјата за меѓусебна правна помош во граѓански и кривични предмети |

| Б: ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА 1 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Резултат 1: План за спроведување | | | | | | |
| **Потпрограма : Унапредување на законодавството во областа на правосудството преку вградување на најновите меѓународни стандарди во оваа област и имплементација на донесените законски решенија** | | | | | | |
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | |
| | | | **Почеток (месец/година)** | **Крај (месец/година)** | **Човечки** | **Финансиски МКД** |
| 1. Следење на имплементација на закони од областа на правосудството согласно Развојната секторска стратегија за правосудство 2024 – 2028 со Акциониот план и Планот за раст на Западен Балкан | Сектор за правосудство | Правосудни органи, надлежни институции | 1/2026 континуирано | 12/2028 континуирано | | |
| 2. Следење и имплементација на Развојната секторска стратегија и Планот за раст на Западен Балкан | Сектор за правосудство Сектор за Европска унија | Правосудни органи | 1/2026 континуирано | 12/2028 континуирано | | |
| 3.. Закон за судовите | | | | | | |
| 4. Закон за судскиот буџет | | | | | | |
| 5. Закон за државното правобранителство | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 Закон за конфискација на имот во граѓанска постапка | | | | | | |
| 7.Закон за управување со движењето на предметите во судовите | Сектор за правосудство | Судовите | | 12/26 | | |
| 8.Закон за помилување | Сектор за правосудство | Канцеларијата на Претседателот на РСМ и судовите | 2024 | 6/2025 | | |
| 9.Закон за Академија за судии и јавни обвинители | | | 10/25 | 12/26 | | |
| 10. Закон за објавување на законите и на други прописи и акти во „службен весник на Република Северна Македонија„ | | | 12/25 | 5/26 | | |

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно активности во тековната година : 10 | | |
| Вкупно активности во следната година : 2 | | |
| Вкупно активности во година 2 : | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно за резултат :** | | | | | | |

| Б: ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА 1 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Резултат 2: План за спроведување | | | | | | |
| **Потпрограма :** Унапредување на системот на казненото законодавство | | | | | | |
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | |
| | | | **Почеток (месец/година)** | **Крај (месец/година)** | **Човечки** | **Финансиски МКД** |
| 1.Донесување на Кривичниот законик | Сектор за правосудство | МП, Влада и Собрание | 1/2025 | 12/2026 | Вработени во Секторот за правосудство | |
| 2. Донесување на Законот за кривичната постапка | Сектор за правосудство | МП, Влада и Собрание | 1/2025 | 12/2026 | Вработени во Секторот за правосудство | |
| Вкупно активности во тековната година : 2 | | | | | | |
| Вкупно активности во следната година : 4 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2 : 2 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 2 :2** | | | | | | |

## Резултат 3: План за спроведување

**Потпрограма :** Унапредување на граѓанското законодавство

| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | Временска рамка | | **Потребни ресурси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | **Човечки** | **Финансиски МКД** |
| 1.Следење на примената на Законот за вештачење | Сектор за правосудство | Судови, надлежни институции | 1/2025 | 12/2027 | | |
| 2.Кодификација на граѓанското законодавство | Сектор за правосудство | Судови и др. надлежни органи | 1/2025 | 12/2026 | | |

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно активности во тековната година: 2 | | |
| Вкупно активности во следната година: 2 | | |
| Вкупно активности во година 2: 4 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно за реултат :** | | | | | | |

## Резултат 4 : План за спроведување

**Попрограма :** Развивање на меѓународната правна помош

| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | Временска рамка | | **Потребни ресурси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | **Човечки** | **Финансиски МКД** |
| 1. Склучување на билатерален договор меѓу Република Северна Македонија и САД за правна помош во кривична и граѓанската област | Сектор за меѓународ на правна помош | | 1/2026 | 12/2028 | Вработени во Секторот за меѓународна правна помош | |
| 2.Склучување на билатерален договор меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска за дополнување на Европската конвенција за екстрадиција од 1957 година | Сектор за меѓународ на правна помош | | 1/2026 | 12/2028 | Вработени во Секторот за меѓународна правна помош | |
| 3. Склучување на билатерален договор меѓу Република Северна Македонија и Федеративна Република Бразил за правна помош во граѓански и кривични предмети, за екстрадиција и за извршување на кривичните санкции во странство | Сектор за меѓународ на правна помош | | 1/2026 | 12/2028 | Вработени во Секторот за меѓународна правна помош | |
| 4.Склучување на Билатерален договор за меѓународна соработка меѓу Република Северна Македонија и Европска Унија во областа на меѓународна правна помош | Сектор за меѓународ на правна помош | | 1/2026 | 12/2028 | Вработени во Секторот за меѓународна правна помош | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно активности во тековната година: 1 | | | | | | |
| Вкупно активности во следната година: 1 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2 : 2 | | | | | | |
| **Вкупно за реултат 4 : 4** | | | | | | |

## 2.2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМА 2

### А: Оправданост и дизајн на Програмата

**Образложение:** Програмата ***Извршување, нотаријат и медијација*** произлегува од Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година, и тоа :

Стратешките приоритети на Владата на РСМ :

*- Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото;*

Приоритетните цели :

*- Ефикасно спроведување на Развојната секторска стратегија за правосудството 2024-2028 година*

**НПАА**

**Поглав*је :** 3.23. Правосудство и фундаментални права

**Дел :** 3.23.1 Судство

**Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:**

- Владеење на правото преку целосно спроведување на законите
- Заштита на правата на граѓаните
- Унапредување на дејноста на извршителите, нотарите и извршителите

| **Назив на програмата:** | **Цел на програмата:** |
|---|---|
| ***Извршување, нотаријат и медијација*** | -Ефикасно спроведување на извршување на извршните исправи<br>- Подобрување на дејноста на нотарите во служба на граѓаните<br>- Воспоставен ефикасен систем на медијација |

**Показатели за успех на Програмата:**

-Подобрена ефикасност и реализација во извршувањето на извршните исправи

| |
|---|
| - Зголемена правна сигурност во правниот промет<br>- Зголемен број на предмети решени по пат на медијација |

| |
|---|
| Програмата е: (забележете го видот на Програмата) ■ хоризонтална □ вертикална |

| Очекувани резултати (компоненти) од Програмата: | |
|---|---|
| **Потпрограма 1:** Зголемена ефикасноста на работата на нотарите и извршителите и јакнење на професионалните капацитети на нотарите и извршителите | **Показател за успешност:**<br>- Остварени права на граѓаните во постапката пред нотари и извршители<br>- Зголемен број на извршени извршни исправи<br>- Зголемена правна сигурност во правниот промет<br>- Намалени трошоци во постапката за извршување<br>- Обучени државни службеници во Секторот за извршување, нотаријат и медијација |
| **Потпрограма 2:** Целосно воспоставен и унапреден систем на медијација со цел намалување на оптовареноста на судовите | **Показател за успешност:**<br>- Воспоставен функционален систем на медијација<br>- Зголемен број на предмети решени по пат на медијација |

| Резултат 1: План за спроведување | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Потпрограма : Зголемена ефикасноста на работата на нотарите и извршителите и јакнење на професионалните капацитети на нотарите и извршителите** | | | | | | |
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | Временска рамка | | **Потребни ресурси** | |
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | **Човечки** | **Финансиски МКД** |
| 1. Следење на примената на Законот за извршување и Законот за нотаријатот преку кварталните и годишните извештаи кои ги доставуваат извршителите и нотарите и преку извршени надзори над нивното работење | Сектор за извршување, нотаријат и медијација | Комора на извршители на РСМ и Нотарска комора на РСМ | 1/2026 | 12/2028 | Вработени во Секторот за извршување, нотаријат и медијација | |
| 2. Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување, со цел зголемување на економичноста и ефикасноста на системот на извршување | Сектор за извршување, нотаријат и медијација | Комора на извршители на РСМ, Стопанска комора, Здружение на банкари, професори, судии, Агенција за катастар на недвижности | 1/2026 | 03/2027 | Вработени во Секторот за извршување, нотаријат и медијација | |
| 3. Закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот, со цел зголемување на правната сигурност во правниот промет | Сектор за извршување, нотаријат и медијација | Нотарска комора на РСМ, Адвокатска комора на РСМ, професори, судии, | 1/2026 | 03/2027 | Вработени во Секторот за извршување, нотаријат и медијација | |
| 4. Обука на вработените од Секторот | Сектор за извршување, | | 1/2026 | 12/2028 | Вработени во Секторот за | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| за извршување, нотаријат и медијација | нотаријат и медијација | | | | извршување, нотаријат и медијација | |
| Вкупно активности во тековната година : 4 | | | | | | |
| Вкупно активности во следната година : 2 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2 : 2 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 1 : 8** | | | | | | |

| Резултат 2: План за спроведување | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Потпрограма : Целосно воспоставен и унапреден систем на медијација со цел намалување на оптовареноста на судовите** | | | | | | |
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | Временска рамка | | **Потребни ресурси** | |
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | **Човечки** | **Финансиски МКД** |
| 1.Закон за изменување и дополнување на Законот за медијација, со цел зголемување на примената на медијацијата | Сектор за извршување, нотаријат и медијација | Комора на медијатори, професори, судии | 1/2026 | 12/2026 | | |
| 2. Следење на примената на Законот за медијација преку Регистарот за евиденција на постапките за медијација | Сектор за извршување, нотаријат и медијација | Комора на медијатори, Национален совет за медијација | 1/2026 | 12/2028 | | |
| 3. Субвенционирање по 4.000,оо денари по предмет. | Сектор за извршување, нотаријат и медијација | | 1/2026 | 12/2028 | | 1.800.000 |
| 4. Кампања во јавноста за подобрување на свеста за медијација (истражувања, флаери, спотови, брошури, плакати, летоци) | Сектор за извршување, нотаријат и медијација | | 1/2026 | 12/2027 | | |
| Вкупно активности во тековната година : 4 | | | | | | |
| Вкупно активности во следната година : 3 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2 : 2 | | | | | | |
| **Вкупно за реултат 2 : 9** | | | | | | |

## 2.3. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМА 3

### А: Оправданост и дизајн на Програмата

**Образложение:** Програмата ***Спречување на корупцијата*** произлегува од Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година, и тоа :

Стратешките приоритети на Владата на РСМ :
*Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото.*

Приоритетните цели :
*-Креирање на системски политики за добро владеење и зголемување на транспарентноста и јакнење на интегритетот на носителите на функции и раководните лица*
*- Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупција и реформи во насока на владеење на правото;*
*- Унапредување на механизмите за одговорност и режимот на мерки и санкции за дела на корупција, несовесно работење и прекршувања на правилата за спречување судир на интереси;*

НПАА
**Поглавје :** 3.23. Правосудство и фундаментални права / Политички критериуми / Политички критериуми
**Дел :** 3.23.2 Антикорупција

**Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:**
Приоритети:
- Владеење на правото преку неселективна борба со корупцијата и воспоставување на ефикасен систем на спречување на корупцијата

Цели:
- Зајакнување на зконодавството за превенција на корупција, вклучително и преку негово усогласување со меѓународните стандарди;
- Зајакнување на меѓународната соработка за унапредување на анти-корупциската политика;
- Предлагање регулаторни и нерегулаторни мерки за ефективна имплементација на политики за успешно справување со корупцијата; врз основа на анализа на методолошки усогласено обезбедени релеватни податоци.

| **Назив на програмата:**<br>***Спречување на корупцијата*** | **Цел на програмата:**<br>- Успешно справување со корупцијата |
|---|---|
| **Показатели за успех на Програмата:**<br>-Подобрување на националните резултати под индикаторите со кои се мерат состојбите со корупцијата, односно ефикасноста на анти-корупциските политики | |

Програмата е: (забележете го видот на Програмата) ■ хоризонтална ☐ вертикална

| **Очекувани резултати (компоненти) од Програмата:** | |
|---|---|
| **Потпрограма 1:** Усогласеност на домашното анти-корупциско законодавство со меѓународните стандарди и инструменти во областа Превенција и борба против корупцијата | **Показател за успешност:**<br>-Најмалку 50% имплементирани активности во надлежност на Министерството за правда од Акциониот план на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси.<br>-Преземени мерки за задоволителна имплементација на преостанатите препораки дадени со Извештајот за евалуација на Република Северна Македонија – Четврт круг, на тема: “Превенција на корупцијата кај членовите на парламентот, судиите и обвинителите“;<br>-Преземени мерки за задоволителна имплементација на преостанатите ГРЕКО препораки дадени во рамки на Петтиот круг на евалуација на ГРЕКО, на тема „Превенција на корупција и промовирање на интегритетот кај централните власти (највисоки извршни функции) и кај органите за спроведување на законот“, во функција на затворање на постапката за усогласување во овој круг;<br>-Најмалку 50% надминати предизвици идентификувани со усвоените извештаи за преглед на имплементацијата на Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата, по |

| | |
|---|---|
| | однос на Република Северна Македонија, во рамки на првиот и вториот циклус;<br>-Остварен напредок на Република Северна Македонија во процесот на пристапување кон Европската унија, по однос на антикорупциската политика: најмалку „одреден напредок”, според извештаите на ЕК за прогресот на Република Северна Македонија; |

| | |
|---|---|
| **Потпрограма2 :** Унапредување на меѓународната соработка во областа на антикорупциската политика | **Показател за успешност:**<br>-Редовно учество во механизмот за преглед на имплементацијата на Конвенцијата на Обединетите нации против корупција (УНКАК):<br>- Најмалку едно учество на состаноците на работните тела на Конференцијата на државите-страни на УНКАК;<br>- Учество на состаноци и други настани во организација на ГРЕКО;<br>-Редовно учество на состаноците на Управната група на Регионалната анти-корупциска иницијатива (РАИ): најмалку еднаш годишно; |
| **Потпрограма 3:** Унапредување на системот за собирање и обработка на статистички податоци за предмети за случаи на корупција и други податоци за следење на имплементацијата на елементи на антикорупциска политика | **Показател за успешност:**<br>- Редовни координативни состаноци за унапредување на собирањето и обработката на податоците за случаите на корупција и перење пари и за координација во имплементација на антикорупциската политика-најмалку еден состанок годишно;<br>-Користење на електронски систем за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупцијата;<br>-Имплементирани препораки за унапредување на годишните извештаи за кривичните предмети за случаи на корупција: најмалку 60%; |

## Б: ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА 3

**Резултат 1: План за спроведување**

**Потпрограма :** Усогласеност на домашното анти-корупциско законодавство со меѓународните стандарди и инструментi во областа Превенција и борба против корупцијата

| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Почеток (месец/година)** | **Крај (месец/година)** | **Човечки** | **Финансиски МКД** |
| 1. Следење и известување за имплементацијата на активностите предвидени со акциониот план на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а кои се во надлежност на Министерството за правда | Сектор за меѓународно-правна соработка | ДКСК | 1/2026 континуирано | 12/2028 континуирано | Вработени во Секторот за меѓународно-правна соработка | |
| 2. Изготвување придонеси и следење на напредокот на Република Северна Македонија по однос на антикорупциската политика | Сектор за меѓународно-правна соработка | | 1/2026 континуирано | 12/2028 континуирано | Вработени во Секторот за меѓународно-правна соработка | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. Следење на имплементацијата на добиените ГРЕКО препораки, вклучително и препораките дадени во завршените кругови на евалуација. | Сектор за меѓународно-правна соработка | Делегацијата на РМ во ГРЕКО, Меѓуресорско тело за координаицја на активностите против корупцијата | 1/2026 континуирано | 12/2028 континуирано | Вработени во Секторот за меѓународно-правна соработка | |
| 4. Активности за реализација на препораките дадени во рамки на спроведените прегледи на имплементацијата на Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата, следење на реализацијата на препораките и подготовка за новиот циклус на преглед, со инклузивен пристап | Сектор за меѓународно-правна соработка | Тим владини експерти за преглед на имплементацијата на УНКАК, Меѓуресорско тело за координаицја на активностите против корупцијата | 1/2026 континуирано | 12/2028 континуирано | Вработени во Секторот за меѓународно-правна соработка | |
